Нацрт

Врз основа на член 18 и 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04 , 67/07 , 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 244/19), член 4 од Законот за јавен долг („Сл.весник на РМ“ бр. 62/05, 88/08, 35/11, 139/13 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 98/19), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), а согласно член 67 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 18/10, 15/14 и 15/18), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 23.12.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за долгорочно домашно задолжување на Општина Велес за реализација на проектот „Изградба на Градски пазар Велес”**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Велес кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Вториот проект за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓунардоната банка за обнова и развој – Светска банка, во висина од 46.000.000,00 денари, а со цел финансирање на капитален инвестиционен проект:

- Изградба на Градски пазар Велес

**Член 2**

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно позајмување преку Вториот проект за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка, под следните услови:

- Рок на отплата до 12 години со вклучен грејс период до 3 години и
- Каматна стапка која е еднаква на каматата што ја плаќа Република Северна Македонија кон Светска банка.
-

**Член 3**

Советот на Општина Велес со утврдувањето на текстот на Нацрт одлуката го одобрува отпочнувањето на постапката за долгорочното задолжување.

Одлуката ќе биде предложена на јавна расправа за добивање на мислења и предлози од страна на јавноста.

По спроведувањето на јавната расправа, предлог Одлуката со јасни и утврдени рокови, услови, годините на задолжување, вредноста и наслов на проектот ќе биде предложена до Советот на Општина Велес за нејзино донесување.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4913/5
24.12.2020год.
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Ќирил Гајдов

Доставено до:
-Градоначалник,
-Одд. за правни работи,
-Одд. за ЛЕР,
-Одд. за урбанизам,
-Списи и архива.